**З А П И С Н И К**
**од 38-ма седница на Совет на Општина Демир Хисар**
**одржана на 29.07.2024 година**

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11.30 часот.
На седницата присутни беа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несториски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.
На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.
Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Марина Поповска, Игор Дамјановски, Јасмина Василевска Перчаковска. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски, директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски, вд директорката на ООУ „Браќа Миладиновци с.Жван, Андријана Наумовска, претставник на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Цане Трајчевски, претставник на дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Зоранчо Здравевски.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 37 та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки. Записникот беше усвоен со 11 „за“.
-Усвојување на записник од вонредна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 19.06.2024 година.
Записникот беше усвоен со 11 „за“ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година.
2. Донесување на Одлука за давање согласност на измена Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.
3. Донесување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар.
4. Усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за период 01.01.2024 до 30.06.2024 година.
5. Донесување на Одлука за давање согласност за измена на Годишен План за вработување на Општина Демир Хисар за 2024 година.
6. Донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар.
7. Донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар.
8. Донесување на Решение за потврдување на предлог за избор на претседател и членови на ОСБСП Демир Хисар.
9. Усвојување на Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2024 година за период од 01.01.2024-30.06.2024 година.
10. Донесување на Одлука за давање согласност на измени на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП „ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

11. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
12. Давање согласност за користење на две простории од ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2024/2025 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
13. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.
14. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
15. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
16. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година.
17. Иницијатива за формирање на Јавно водостопанско претпријатие во Демир Хисар.
18. Иницијатива за отворање канцеларија на судот во Демир Хисар.
19. Иницијатива за отворање канцеларија за нотар во Демир Хисар.
20. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи измени на редоследот на точките од дневниот ред. Точките кои се однесуваат на ЈКП Комуналец Демир Хисар 8.Усвојување на Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година, 9.Донесување на Одлука за давање согласност на измена Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар и 10.Донесување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар да се разгледуваат први, а потоа редоследно да се поместат останатите точки, бидејќи директорот има обврски мора побрзо да ја напушти седницата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи точката 18. Да се подели на две точки, бидејќи се однесува за две различни канцеларии, канцеларија за суд и канцеларија за нотар. Советниците немаа забелешки на предлогот. Други предлози немаше. Со 11 „за“ беше усвоен дневниот ред со измените.

***ТОЧКА 1. Финансиски извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година***

Финансискиот извештај на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа на оваа седница требаше да разгледуваме шестмесечен извештај, но бидејќи управниот одбор не беше комплетен сега ќе го разгледаме тримесечниот извештај, на наредна седница шестмесечниот. Советничката Марина Димитријовска праша дали загубата е релна, а директорот објасни да реално е прикажана и се однесува за првите три месеци. Дискусија повеќе немаше. Со 7 „за“ и 4 „воздржани“ извештајот беше усвоен.

***ТОЧКА 2. Одлука за давање согласност на измена Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на измена Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар објаснување имаше директотот Гоце Мицковски. Советничката Марина Димитријовска праша планираните вработувања дали се однесуваат на лица кои веќе се вработени или има планирано и други, дали се поребни дополнителни средства. Директорот Гоце Мицковски

објасни само едно вработување е планирано ново тоа е раководното место, останатите планирања се однесуваат на вработени кои се веќе ангажирани преку агенција за вработување, затоа не се потребни дополнителни средства, бидејќи веќе се исплаќаат плати. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде финансиската состојба во претпријатието не е сјајна, но работници требаат и во иднина да се планира вработување на работници, а не на администрација. Дискусија повеќе немаше. Со 7 „за" и 4 „воздржани" беше дадена согласност на измените на планоит за вработување.

***ТОЧКА 3. Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар директотот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски објасни членовите на УО донесоа ваква одлука, финснсиката состојба не добра, но со овие средства нема многу да се подобри, а сведоци сме изминатиот период само оставки се поднесуваа не можевме да работиме. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи одлуката е донесена од УО треба да се испочитува. Советникот Сашо Михајловски праша колку беше износот на надоместокот до сега. Претседателот на Советот Најдовски одговори 800 денари беше советот донесе одлука. Советничката Марина Димитријовска праша дали во месец јули се одржа седница, потоа додаде оваа одлука ќе се однесува за наредните седници. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 7 „за" и 4 „воздржани".

***ТОЧКА 4. Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за период 01.01.2024 до 30.06.2024 година***

Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за период 01.01.2024 до 30.06.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша во каква финансиска кондиција е општината и дали се реализира по планираното. Претставникот од општината Марина Поповска објасни сметките редовно се плаќаат, се работи по планираното, редовно се плаќаат ратите за кредитите останува уште обврска кон ЕЛЕМ, и таа редовно се плаќа. Советничката Марина Димитријовска праша за договор за дело кој е склучен со физичко лице за одрѓување на градскиот стадион за што се однесува, бидејќи и Психијатриската болница помага за косење на тревата, ЈКП „Комуналец" ја коси. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се ангажира лице за средување на соблекувалните и собирање на тревата. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за средствата за договор за дело за книжење на годишна сметка кај Дом на култура исто и за оглас за јавни набавки за 2022 дали е техничка грешка, потоа во детстака градинка 425990 други договорни услуги за што се средствата. Претставникот на домот на културата Зоранчо Здравевски објасни во домот нема вработено книговодител, затоа се ангажира со договор лице за завршна за сите сметки. За јавните набавки не е техничка грешка останала фактурата неплатенз.За средствата потрошени од оваа ставка претставникот од детската градинка Цане Трајчевски објасни од оваа ставка се исплаќа за програмер за одржување на програмата за плата и за објавување на јавни набавки. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за" беше усвоен кварталниот извештај.

***ТОЧКА 5. Одлука за давање согласност за измена на Годишен План за вработување на Општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за давање согласност за измена на Годишен План за вработување на Општина Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Советничката Марина Димитријовска праша работното место што се планира советник за урбанистичко планирање, потоа праша за унапредувањата предходната година се донесе план, но не се реализира. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се планира да се вработи архитект се одеше со повисоко звање со цел да има заинтересирани кандидати ако се оди со најниско звање никој нема да сака да се вработи, ова работно место е важно затоа апелира доколку некој има што одговара за оваа позиција да се пријави на огласот. Моментално работиме со меѓуопштинска соработка, но овај

ресорот бара постојано вработено лице заради тежината на работата. Одделението за урбанизам е без стручен кадар. Што се однесува за унапредувањата градоначалникот Никола Најдовски објасни со овај план се планира само едно унапредување, треба да се планираат места, секој кој заслужува ќе биди унапреден. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде има уште два тројца вработени кои треба да се унапредат ќе се донеси план и за тоа. Дискусија повеќе немаше. Со 7 „за“ 4 „воздржани“ планот беше донесен.

***ТОЧКА 6. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Могила и Општина Демир Хисар претставникот од општината Александра Трајковска објасни со оваа одлука постапката завршува останува да се направи договорот. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 7. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар***

За Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. После оваа одлука треба да се донеси ценовникот на оваа седница немаше изготвено материјали, за наредно ќе се планира на вонредна седница да се донеси ценовник. Директорот на ЈП „ДехиТранс“ Александар Чорбевски објасни сеуште се разговара за цените затоа не се изготви ценовникот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара објаснување како се формираат цените дали се определени со блок дотациите, спогодбено или на тендер. Директорот Чорбевски објасни предходната година имаше јавна набавка, се размислува оваа година да бидат пониски цените. Советникот Валентин Несторoски праша дали до Битола оди комбето. Директорот Чорбевски објасни ова се однесува на превоз на ученици кои учат во Битола, а комбињата ги носат од селата до Демир Хисар, додека комбето кое вози до Битола е за други тури. Дискусија повеќе немаше. Едногласно со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 8. Решение за потврдување на предлог за избор на претседател и членови на ОСБСП Демир Хисар***

За Решението за потврдување на предлог за избор на претседател и членови на ОСБСП Демир Хисар објаснување имаше претставникот од општината Александра Трајковска согласно законските одредби членовите во ОСБСП се избираат по предлог на Републичкиот совет, бидејќи се однесува на лица од подрачјето на општината Советот на општина Демир Хисар доставува предлог кандидати до Републичкиот совет, од страна на Републичкиот совет е донесена одлука со предлог кандидати, а сега советот треба да ги потврди кандидстите. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесено Решението.

***ТОЧКА 9. Финансиски извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2024 година за период од 01.01.2024-30.06.2024 година***

Финансискиот извештај за работењето на ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар за 2024 година за период од 01.01.2024-30.06.2024 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. За извештајот објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 10. Одлука за давање согласност на измени на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП „ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар***

За Одлуката за давање согласност на измени на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈП „ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар објаснување имаше директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. Со 8 „за“ и 3 „воздржани“ одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 11. Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце

Јанкуловски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша во каква финансиска кондиција е училиштето. Нема загуба одговори советникот Аце Јанкуловски, градоначалникот Никола Најдовски дополни засега не е многу лошо, се надеваме со ребалансот на буџетот Владата на училиштата ќе му се доделат повеќе средства. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше усвоен извештајот.

***ТОЧКА 12. Согласност за користење на две простории од ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2024/2025 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

Согласноста за користење на две простории од ЈОУДГ ,,Втори Септември” Демир Хисар за изведување на настава во прво одделение за учебната 2024/2025 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Претставникот Александра Трајковска објасни барањето за согласност се однесува за неодредено време. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи согласноста да се даде за оваа учебна година да се продолжи со истата пракса секоја година да се бара согласност. Со предлогот се согласија сите советници. Со 11 „за“ беше дадена согласност за користење на просториите за учебната 2024/2025 година.

***ТОЧКА 13. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. По точката немаше дискусија. Согласноста беше донесена со 11 „за“ .

***ТОЧКА 14. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше усвоена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше дадена согласност.

***ТОЧКА 15. Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 16. согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година***

Согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2024/2025 година беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше дадена согласност.

***ТОЧКА 17. Иницијатива за формирање на Јавно водостопанско претпријатие во Демир Хисар***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците Иницијативата за формирање на Јавно водостопанско претпријатие во Демир Хисар, е негов предлог на барање на граѓаните од Суводол и Стругово. Имено водата од езерата треба да се користи наменски, за езерата никој не се грижи, водата е му е потребна на месното население за наводнувањењ, во насока на ова се дополни и со водата од река Црна односно делот кој е на територијата на општина Демир Хисар. Направени се првични разговори со Минсиетрството за земјоделие да се почни со иницијативата, па понатаму ќе се види дали ќе биди во склоп на ЈКП „Комуналец“ или ќе треба да се формира ново јавно претпријатие.

Советникот Валентин Несторoски праша за ситемот за наводнување дали е во функција. Претсеадтелот на Советот Љупчо Најдовски објасни во Суводол има изградено систем, но не е во функција. Советникот Сашо Михајловски додаде езерата во Суводол имаат вода, но се испуштаат. Дискусија повеќе немаше. За давање подршка на иницијативата гласаа 7 „за“ и 4 „воздржани“.

***ТОЧКА 18. Иницијатива за отворање канцеларија на судот во Демир Хисар***

Иницијативата за отворање канцеларија на судот во Демир Хисар исто така е на барање од граѓаните објасни Претседателот на Советот Љупчо Најдовски. Пред повеќе години во Демир Хисар имаше канцеларија, добро е да се отвори повторно можи еднаш во неделата или два пати да доаѓа судот. Ќе се разговара со надлежните ако можи да се отвори канцеларија ќе биди добро. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше подржана иницијативата.

***ТОЧКА 19. Иницијатива за отворање канцеларија за нотар во Демир Хисар***

Исто така и оваа Иницијатива за отворање канцеларија за нотар во Демир Хисар произлезе од разговор со граѓаните за нотар исто има потреба, граѓаните за заверка постојано одат во Битола се изложуваат на трошоци. Исто и оваа канцеларија можи да биди еднаш или два пати неделно отворена, објасни претѕседателот на Советот Љупчо Најдовски. Советничката Марина Диомитријовска додаде предходно имаше отворено нотарска канцеларија во Демир Хисар, ако има можност ќе биди добро за сите, советничката Сандра Пејковска додаде тие се отвараат според бројот на жители. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни направен е разговор со Министерот за правда да се достави барањето исто и за канцеларијата за суд да се достават барањата па повторно ќе се разговара. Дискусија повеќе немаше. Со 11 „за“ беше дадена подршка за иницијативата.

***ТОЧКА 20. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија истакна група граѓани побараа да се постават три шахти по тротоарот кој ќе се реконструира по улица Битолска во делот од семафорите кон бензинската Макпетрол, бидејќи постојано се соочуваат со проблеми со фекалната канализација. Од информациите што ги имале немало планирано во проектот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни познат е проблемот ќе се види на лице место што можи да се направи, ќе се разговара со изведувачите ќе се среди тоа, ќе се планира. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се разгледа исто и за поставување на легнати полицајци и сверни огледала на неколку локации низ градот и населените места за безбедност во сообраќајот. Потоа додаде во Белче има многу реакции заради канализацијата, исто и канализцијата под улица Битолска не е ставена во функција има реакции од граѓани. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ќе се изработи проект за хоризонтална сигнализација има изработено проект, но само за вертикална сигнализација. За канализацијата под улица Битолска е ставена во функција треба да се поврзат, уште една куќа остана неповрзана во Мургашево и кај зградата да се реши проблемот со канализијата. Во Стругово исто има проблем со водоснабдувањето се изготви проект за изработка на препумпна станица инвестиција околу 600.000 денари со ова ќе се надмине проблемот со водоснабдувањето истото треба и за Загориче да се направи. Советничката Марина Димитријовска забележа ова треба да биди точка на дневен ред се прават рестрикции се запира водата, па повторно се пушта. Градоначалникот Никола Најдовски објасни нема доволно вода затоа ќе се приклучи на водоводот во Демир Хисар, не е во ред начинот на кој сега се работи со ова ќе се реши состојбата со водоснабдување. Потоа истакна има реакции на ѓраѓани од Демир Хисар за продавачите на зеленчук и други продукти кој поставуваат тезги или продаваат од самите возила, се однесувале несовесно се жалат граѓани. Единствено место за продавање е на производите е пазарот или дуќаните, а не вака од паркиран камион. Исто и во петок не ги користат тезгите па продаваат од возилата. Тоа е нелојална конкуренција треба да се најди решение за тоа. Ова беше иницијатива од граѓаните не стигнаа писмено да се обратат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали забелешката се однесува на пазарџиите кои не се од Демир Хисар или и на тие од Демир Хисар. Градоначалникот Најдовски објасни за кој конкретно се однесува нема потреба да стојат на улица има уреден пазар таму можи да продаваат. Исто така проблем се и

сушниците за тутун кој се поставени кај детското игралиште во населбата. Советникот Валентин Несторoски додаде има нарушени меѓучовечки односи со една од куќите во близина затоа е и забелешката, при тоа додаде ако се почне воведување на ред треба да се почне од секаде има по четири возила едно семејство и сите стојат паркирани на улица и тоа треба да се среди. Советничката Јасмина Јовановска објасни конкретно тоа лице има одобрение од општината и си плаќа за просторот, а советничката Марина Димитријовска додаде треба да се опомени ако се нарушува јавниот ред. Потоа додаде вентилот кај езерото во Стругово треба да се поправи. Градоначалникот Никола Најдовски објасни тоа не е надлежност на општината, а Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи во врска со реакцијата за пазарџиите граѓаните да поднесат барање Советот ќе го разгледа.
Дискусија повеќе немаше.
Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 771/2
27.08. 2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.